РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1709/2
26-07-2024 г./vit

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

**Одлука**

Пријавата заведена под број 12-1709/1 од 04.06.2024 година,**СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-1709/1 од 04.06.2024 година, да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, поднесена е пријава со барање до ДКСК во нејзино име да прибави документација од друга институција, по што е оформен е предмет број 12-1709/1 од 04.06.2024 година.
Во пријавата подносителот наведува на злоупотребен личен интегритет и суверенитет, поради сомневања за следење од безбедносните служби на државата.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, од причина што веќе е постапено по предмет со иста фактографија на наводи со предметните наводи

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

и за истото ДКСК се има веќе произнесено и има донесено Одлука од своја надлежност заведена под број 12-4279/2 донесена на 83-та седница одржана на 27.02.2022 година.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

Одобрил: м-р Ц.Р., Член на ДКСК

Доставено до
-подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk